РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-2447/5
07-02-2024

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси(„Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 99 - та седница, прво продолжение, одржана на ден 30.01.2024 година донесе

## ОДЛУКА

Постапката по предметот бр.09-2447/1 од 05.05.2023 година, оформен по сопствена иницијатива, против службеното лице __________, член на Управниот одбор на ЈП Улици и патишта __________, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК констатира дека на 03.10.2023 година стапи во сила нов Закон за адвокатурата и со примена на овој закон како поблаг, нема повреда на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Со донесување на оваа одлука издадениот прекршочен платен налог во оваа постапка не произведува правно дејство.

Оваа одлука во деперсонализирана форма се објавува на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 09-2447/1 од 05.05.2023 година е оформен по сопствена иницијатива, согласно член 17 став 1 точка 10 и 12 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, според кој Државната комисија ја евидентира и следи имотната состојба и интересите и врши проверка на податоците од поднесените изјави за имотна состојба и интереси.

Видно од Изјава за интереси бр.09-1586/1 од 14.12.2021 година, ___________ е избран за член на Управниот одбор на ЈП Улици и патишта __________ и согласно Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија", број 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17,125/17,35/18, 99/18,140/18, 208/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија", број 98/19, 42/20, 74/21 и 215/21) како избрано лице е носител на функција.

Од документ издаден од Дистрибутивниот систем на Централен регистер на РСМ, се констатира дека како избрано лице во исто време ја врши и адвокатската дејност.

Оттука, ДКСК констатира дека, __________ по извршениот избор ги прекршил законските одредби, односно продолжил да ја врши адвокатската дејност и по изборот за член на Управниот одбор на ЈП Улици и патишта _____________, иако согласно член 24 став (1) од Законот за адвокатурата, во ваков случај адвокатската дејност мирува до престанувањето на функцијата.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно со член 114 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и член 47 став 1 од Законот прекршоците спроведе постапка за порамнување при што беше издаден прекршочен платен налог број 09-2447/2 од 31.08.2023 година и записник за констатиран прекршок број 09-2447/3 од 31.08.2023 година за што има доказ за извршено уредно доставување: RC056038917MK, коверт.

Дополнително, на лицето на лицето ___________ му се укажа дека е потребно во рок од 15 дена од денот на приемот на известувањето да ја отстрани констатираната состојба, постапувајќи на еден од следните начини:

1. Да се откаже од извршување на функцијата член на Управниот одбор на ЈП Улици и патишта __________ или

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

2. Да ја стави во мирување адвокатската дејност до престанок на извршување на јавната функција, а за начинот на постапувањето потребно е да ја извести ДКСК со приложување на соодветен доказ.

Во врска со понудената постапка за порамнување како и за отстранувањето на констатираната состојба, сторителот не постапи во законски определениот рок од 8 (осум) дена од денот на приемот, ниту до денот на поднесување на барањето за поведување на прекршочна постапка, со што постапката за порамнување не е прифатена.

Согласно член 47 став 8 од Законот за прекршоците, доколку сторителот не ја плати глобата во определениот рок, **овластеното службено лице поднесува барање за поведување на прекршочна постапка до прекршочниот орган**.

По издавање на прекршочниот платен налог 09-1053/3 од 28.02.2023 година и записник за констатиран прекршок број 09-2447/3 од 31.08.2023 година, се констатира дека на 03.10.2023 година стапи во сила нов Закон за адвокатурата („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.199/2023) објавен на 25.09.2023 година и поради тоа ДКСК не поднесе Барање за поведување на прекршочна постапка до Прекршочната комисија при ДКСК.

Во член 20 став 1 од Законот за адвокатурата пропишано е дека адвокатот и адвокатското друштво не смеат да вршат дејност, професија или активност кои со Кодексот на адвокатската етика се определени како несоодветни. Според став 2 на истиот член адвокатот може да врши јавна функција или јавна служба доколку за вршење на истата не заснова работен однос.

Исто така, се констатира дека со донесениот закон во член 24 став 1 пропишано е дека на адвокат избран или именуван на јавна функција, со засновање на работен однос, вршењето на адвокатската дејност му мирува до престанувањето на функцијата.

Имајќи го предвид член 3 став 1 од Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 37/1996, 80/1999, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/2011, 135/2011, 185/2011, 142/2012, 166/2012, 55/2013, 82/2013, 14/2014, 27/2014, 28/2014, 41/2014, 115/2014, 132/2014, 160/2014, 199/2014, 196/2015, 226/2015, 97/2017 и 248/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.36/2023 и 188/2023) за примена на законот што е поблаг за сторителот, како и законските одредби од Законот за адвокатура кој стапи во сила по издавање на прекршочниот платен налог, ДКСК се откажува од поднесеното Барање до Прекршочната комисија, по што ДКСК донесе одлука е со кое се запира постапката.

Прекршочниот платен налог кој беше издаден во постапката која беше спроведена пред Државната комисија, со донесување на оваа одлука повеќе не произведува правно дејство.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**З А СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

По заклучок од седница на ДКСК:
Изготвил: Б.Џ - советник
Контролирал: К.З - раководител
Одобрил: м-р В.Г. - член на ДКСК